**(Образец согласно член 121 став 5 од Законот за здравствена заштита)**

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**DENTAL CHAMBER OF MACEDONIA**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 03-670/2
14. 09. 2016 година

**Согласно член 121 став 5 од Закон за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14,10/15, 61/15, 154/15, 195/15, 17/16, 37/16), СТОМАТОЛОШКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, објавува**

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за испитувачи за стручен испит на докторите по стоматологија

Согласно член 121 став 5 од Закон за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14,10/15, 61/15, 154/15, 195/15, 17/16, 37/16 ), Стоматолошката комора на Република Македонија формира испитна комисија која е составена од 5 (пет) членови кои се доктори на наука од областа на стоматологијата заради спроведување на стручен испит на здравствените работници и здравствените соработници по завршување на пробната работа. За формирање на комисиите за спроведување на стручен испит, Стоматолошката комора на Македонија распишува јавен оглас.

Документацијата која заинтересираните доктори треба да ја достават како доказ за исполнување на законски утврдените услови за избор на испитувачи за полагање на стручниот испит се:

1. **Пријава (образец кој може да се најде на интернет страницата на Комората);**
2. **Доказ дека се доктори на науки од областа на стоматологијата.**
3. **Доказ за издаден научен труд со импакт фактор .**
4. **Лиценца за работа издадена од Стоматолошката комора на Македонија.**

Согласно Законот за здравствена заштита до започнувањето на примената на одредбите од членовите 121 став (5) со кој се регулирани условите кои треба да ги исполнуваат членовите на испитните комисии за спроведување на стручниот испит на дипломираните доктори на стоматологија, стручниот испит се полага пред комисија составена од пет членови кои се доктори на наука од областа на стоматологијата, избрани во наставно- научно или научно звање, со издадени најмалку:

- еден научен труд со импакт фактор до 1 јануари 2016 година,

- два научни труда со импакт фактор до 1 јануари 2017 година,

- три научни труда со импакт фактор до 1 јануари 2018 година,

- четири научни труда со импакт фактор до 1 јануари 2019 година и

- пет научни труда со импакт фактор до 1 јануари 2020 година

Заинтересираните Потребната документација заедно со пријава од кандидатите треба да се достават во архивата на Стручната служба на Стоматолошка комора на Македонија на адреса **ул. Антон Попов бр. 1-4/5**, **Кисела Вода, Скопје**, **најдоцна до 16:00 часот на 29.09. 2016 година**.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**